


***Падот на царската Руска Империја, распаѓањето на Хазбуршката австро-унгарска Империја и смртта на Отоманското Царство ги тргнало трите големи сили од внатрешното влијание на Балканот. Додека Британија играла помалку активна улога, Франција и Италија се обиделе да формираат конкурентни сојузи на***

***Балканот, но ја немале потребната воената моќ за истите да ги ефектуираат.***

Балканските влади, од друга страна, за првпат имале можност да ги приспособат своите меѓусебни односи и врски, и да формираат сојузи за да ги заштитат своите заеднички интереси. За жал, нивната омраза едни кон други, и нивниот страв да не ја изгубат Македонија, секогаш ги спречувале ваквите сојузи и уште еднаш дозволиле туѓинци да имаат улога во нивните внатрешни работи.

Понижувачкиот пораз на Германија во Големата војна, во спрега со нејзината економска незгодна ситуација во 30-тите години на XX век, довеле до еден нов вид германски радикализам. Хитлер го искористил тоа и го свртел во своја корист. Тој, краткорочно гледано, на германскиот народ му го дал она што тој најмногу го посакувал - работа и надеж за подобра иднина. За жал, долгорочно гледано, продуцирал катастрофа не само за германскиот народ, туку и за многу други држави, вклучувајќи ја и Македонија.

Бидејќи од Големата војна искрснал еден нов светски поредок, почнале да се формираат нови сојузи. На една страна биле партнерите на Оската, која во почетокот ја сочинувале Германија, Италија и Јапонија. Со избувнувањето на војната, Албанија, Бугарија, Романија, Унгарија, Финска и Тајланд и се придружиле. Од другата страна, сојузничките партнери биле сочинети од Британија, Советскиот Сојуз, САД и Кина. Како што војната напредувала, така повеќе и повеќе држави им се придружувале на сојузниците и пред да заврши војната нивниот број изнесувал околу педесет.








**РИСТО СТЕФОВ И**



**СЛАВЕ КАТИН**